Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
Бр. 01-186/2
13.03 2019 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10 и 51/11), член 67 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија", бр. 9/04, 113/07, 145/10, 80/12 и 41/14) и член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен бесник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

### Член 1

Со овој правилник се вршат измени и дополнувања во член 13 на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Бр.01-283/1 од 19.08.2016 година, како и Правилниците за измена и дополна на Правилникот за систематизација на ДБКИ Бр. 01-283/7 од 29.09.2016 година, Бр. 01-70/2 од 31.01.2018 година, Бр. 01-188/1 од 20.03.2018 година и Бр. 01-188/4 од 16.05.2018 година.

### Член 2

Во член 13 точка Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедност на класифицирани информации работното место бр. 12, помлад инспектор за безбедност на класифицирани информации со ИНС 01 01 В04 000, 1 извршител, **се брише**.

Член 3

Во член 13 точка Одделение за управување и развој на човечки ресурси, по работното место бр. 46 се додава работното место број 46-а, УПР 01 01 В04 000 **помлад соработник за координација со човечки ресурси** кое гласи:

| **Надвор од секторите** | |
|---|---|
| **Одделение за управување и развој на човечки ресурси** | |
| **Реден број** | 46-а |
| **Шифра** | УПР 01 01 В04 000 |
| **Ниво** | В04 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работното место** | Помлад соработник за координација со човечки ресурси |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Одделение за управување и развој на човечки ресурси |
| **Вид на образование** | – правни науки, организациони науки и управување (менаџмент) и безбедност; |
| **Други посебни услови** | – поседување на национален безбедносен сертификат со степен "ДРЖАВНА ТАЈНА" |
| **Работни цели:** | Спроведување на одредени функции од делокругот на одделението и помагање при извршување на работите поврзани со управувањето и развојот на човечки ресурси. |
| **Работни задачи:** | –учествува при проверката на нацрт-описите на работните места;<br>–учествува при изработка на Предлог-Правилникот за систематизација на работните места на Дирекцијата<br>- по овластување членува во Комисијата за вработување на административните службеници;<br>- помага во изработка на прашањата за посебниот дел од стручниот и приправничкиот испит;<br>- помага во изработување акти согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Законот за работни односи;<br>- зема учество во грижата за целокупната документација на Дирекцијата која се однесува на |

| | |
|---|---|
| | персоналните досиеа на вработените и други евиденции од работен однос;<br>- ги врши работите за издавање на здравствени легитимации, учествува во оформување персоналните досиеа на вработените на Дирекцијата;<br>- води евиденција за отсуства од работа на вработените во Дирекцијата;<br>- учествува во подготовката на месечен и седмичен извештај за работата на одделението<br>- исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „Потребно е да знае“;<br>- за својата работа одговара во рамките на своите овластувања. |

Член 4

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација и неговото објавување на огласната табла во Дирекцијата.

**ДИРЕКТОР**
Стојан Славески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за безбедност на класифицирани информации
СКОПЈЕ